| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Роденден на мојата градинка |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор на тема како да препознаам кога сум болен и што треба да направам да ги заштитам другите околу мене. |
| **Активности** | -За оваа активност потребно е со децата да разговарате на тема „Роденденот на мојата градинка“. Објаснете му на детето дека сите имаат свој роденден па така и градинката во која одат, а тоа е денот кога за прв пат почнала да работи и ги примила децата да уживаат во нејзините убавини. Како и за секој роденден потребно е тематски да го украсите просторот во кој престојувате, односно домот. Украсите изработете ги сами. Направете букви од хартија во боја (Среќен роденден градинке) и поставете ги на ѕидовите. Надувајте балони и украсете го просторот. Изработете честитки од ликовни материјали кои ги имате дома. Заеднички поставете ја масата, украсете ја со роденденски чаршав. Подгответе слатка и солена храна која е омилена на детето. Направете од картони куќички со кои ќе го украсите просторот. Користете ги фотографиите од Вашите деца кога оделе во градинка и декорирајте. Пронајдете музика од детски музички фестивали со песни за Скопје. Повикајте ги членовите од Вашето семејство со кои живеете и забавата и прославата на роденденот на градинката и градот може да почне. |